# ЗА ПЕХЧЕВО ГАРАНТИРАМЕ

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сѐ ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сѐ што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Драги сограѓани,

Пред нас се уште едни локални избори, избори од чиј исход ќе зависи развојот на Општина Пехчево и иднината на сите нас.

Како горд жител на Пехчево, ми претставува огромна чест, но и одговорност да бидам кандидат за Градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ. Знам дека патот кој води кон успех и подобра иднина за сите е многу тежок и полн со предизвици, но верувам дека заедно со Вас ќе ги надминеме сите потешкотии.

Пред Вас се наоѓа мојата изборна програма во која еден дел од проектите се мојата визија за подобаро и поубаво Пехчево, но добар дел се и одраз на реалните проблеми кои не мачат сите нас, заеднички. Тоа е и разликата помеѓу нас и другите политички партии. Ние нудиме програма со реални проекти кон чија реализација се стремиме. Не нудиме лист хартија на која само се напишани нечии желби.

Се обврзуваме на максимална реализација на проектите од програмата, затоа што сите ние заслужуваме да живееме во здрава животна средина, да имаме економски силна општина во која нашите деца ќе имаат услови за квалитетно воспитување и образование, да имаме соодветна здравствена и социјална заштита за сите, да бидеме повторно препознатливи по културните и спортските достигнувања, да бидеме општина во која ќе има место за

секој, без никакви поделби.

Само со лична чест и посветеноста, кои ги обединуваат мисла-та, зборот и делото се решаваат проблемите на граѓаните и само така можеме да ја придвижиме нашата Општина кон својот развој и подем.

Време е граѓаните да добијат локална самоуправа исклучиво во служба на јавниот интерес, локална самоуправа без непотизам и корупција, која ќе се грижи за заштита на природните ресурси и јавни добра.

Да бидеме во чекор со европскиот модел на водење на локалните заедници.

Да бидеме општина – сервис на граѓаните!

Заеднички да ја вратиме светлоста на општината, а ние да бидеме горди граѓани на општина Пехчево.

Искрено Ваш,

Александар Китански

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите граѓани на Република Македонија.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страната и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршказа проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за град Пехчево ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ПЕХЧЕВО

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КЕЈОТ НА ПЕХЧЕВСКА РЕКА И РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНОТО КОРИТО НА ПЕХЧЕВСКА РЕКА

Реализацијата на овој проект ќе овозможи заштита од излевање на водата од коритото и поплавување на земјиштето околу течението на реката. Исто така естетски ќе се уреди речното корито со доизградба на кејот во градот и ќе се канализира реката во одредени делови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ИЗГРАДБА НА ВОДОВОД ВО СЕЛО ЦРНИК

Со изградба на водовод во село Црник, ќе се реши долгогодишниот проблем на населението од ова село, за добивање на чиста и здрава вода за пиење, која ќе биде хемиски и бактериолошки чиста.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и централна власт

**Рок на реализација:** 2021-2025 год.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ЧИФЛИК-УМЛЕНА - РОБОВО

Преку овој проект ќе се обезбеди поширок и побезбеден пат и соодветна транспортна инфраструктурна мрежа од село Чифлик преку село Умлена до село Робово. Целта на проектот е поголема безбедност и олеснет пристап и комуникација на населението.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022год.

## УРЕДУВАЊЕ НА СЕЛСКИ ВОДОВОД ВО СЕЛО ПАНЧАРЕВО

Со доуредување на селскиот водовод во село Панчарево, на населението од ова населено место ќе му биде решен проблемот со водоснабдувањето и граѓаните од селото ќе пијат чиста и здрава вода.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

**Рок на реализација:** 2023-2025.

## НИСКИ И РАМНИ ДАНОЦИ

Еден од приоритетите ќе бидат ниските и рамните даноци. Со тоа ќе се зајакнат фискалните капацитети на општината, преку кои ќе се овозможи и поддржи одржливиот економски развој на општината .

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2021-2025.

## ИЗГРАДБА НА МРЕЖА ЗА АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ПЕХЧЕВО

Преку реализирањето на овој проект ќе се овозможи канализирање на атмосферските води и нивно насочување надвор од градот,со вклучање во Пехчевска река, а со тоа ќе се постигне трајно решавање на проблемите ки ги предизвикуваат атмосверските води.

**Извор на финансирање:** : Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2023-2025.

## ИЗГРАДБА НА ГРАДСКА КАПЕЛА

Со изградбата на Градска капела ќе се овозможат соодветни услови за извршување на обредни ритуали за потребите не граѓаните.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2023.



# 3. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

## ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Овој проект ќе овозможи организирање на обуки, семинари и работилници за претприемачи на мали и средни претпријатија со посебен акцент на обуки и поддршка за отпочнување на мали семејни бизниси. Граѓаните пред се оние кои се занимаваат со туризам ќе бидат обучени за креирање на сопствена туристичка понуда, односно производ и подобар пристап кон потребите на туристите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ФОНД ЗА ПОДДРШКА НА МАЛИ БИЗНИСИ

Поради поддршка и охрабрување за формирање на мали семејни бизниси, Локалната самоуправа ќе формира Општински фонд кој на годишно ниво врз основа на Повик за микро- кредитирање ќе доделува микро -кредити за граѓаните на Општина Пехчево.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА– SMART CITY

Информациско–комуникациските технологии денес се есенцијална алатка во секојдневниот живот на граѓаните.Затоа, од особена важност е пристапот до ИКТ да биде овозможен и поддржан за сите граѓани, без разлика на нивното место на живеење, познавања за ИКТ, возраст, образование, финансиски средства, дали се работи за лица со инвалидност, лица од социјално маргинализирани групи итн.Следењето на светските трендови се јавува како императив. За реализација и остварување на конкретен информатички развој неопходни се континуирани инвестиции во набавка и осовременување на информатичката структура.

## ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Поставување на мрежа со бесплатно достапен Wi-Fi пристап на јавните локации низ општината. На тој начин ќе се овозможи поедноставен и брз пристап до информации, дигитализација, брза и квалитетна услуга за граѓаните, ќе придонесе за поефикасно функционирање на институциите и граѓанскиот сектор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2021-2022.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНФОРМАТИЧКИОТ РАЗВОЈ

Овие инвестиции се потребни за развој на образованието и науката, а со цел да се следат новите трендови кои го окупираат секој млад човек. Високиот степен на информатичка образованост на жителите на општината и овозможува перспектива за понатамошен забрзан развој на ова поле и затоа ќе бидат наш приоритет.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2021-2025.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

Современата инфраструктура е основа за развој и привлекување на инвестиции на локално ниво, а добрата сообраќајна поврзаност претставува нејзин значаен елемент. Ефикасната и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава основа за рамномерен регионален развој. Инвестирањето во патната инфраструктура значи инвестирање во безбедноста, времето, достапноста и економскиот развој на општината. Можноста за непречено комуницирање и пренос на стока и добра по солидна инфраструктура е наша обврска.

## РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

Поради полесна комуникација и поврзување на регионот Општина Пехчево ќе иницира зајакнување на капацитетите на општините од регионот и нивна реконструкција на оштетената патна мрежа, ревитализација на постоечката патна мрежа и доизградба на нова патна мрежа како и соодветна сигнализација на патиштата за полесно информирање и зголемување на безбедноста на регионалните патишта како и поставување на нови автобуски постројки со „Зелени покриви" за да се придонесе кон спречување на изумирањето на пчелите особено во урбаните средини.

**Извор на финансирање:** Буџет на општините во регионот

**Рок на реализација:** 2022.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ ПЕХЧЕВО - БЕРОВО

Бидејќи постоечката патна сигнализација на регионалниот пат Пехчево – Берово е дотраеена или е во фаза на дотрајување ќе се овозможи нејзина ревитализација и поставување на нова хоризонтална и вертикална сигнализација на регионалниот пат.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022.

### ПОСТАВУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

Ќе се постават тротоари на булевар „Равен“ и улица „Јулија Веселинска“ во градот Пехчево, улици кои се од регионална инфраструктура а се дел од регионалнит пат Берово-Делчево преку Пехчево.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2024.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВЛЕЗОТ ВО ПЕХЧЕВО

Ќе се реконструира влезот во градот Пехчево од страна на регионалниот пат Делчево-Пехчево, преку асвалтирање со нова подлога, тротоари и поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## 5.1. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

### АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ ВО ГРАДОТ ПЕХЧЕВО

Во градот Пехчево ќе се асфалтираат 5 улици кои се во многу лоша состојба, а за која има подготвено комплетна проектна документација. Со асфалтирањето Пехчево ќе добие нов урбан и модерен лик за полесна комуникација помеѓу граѓаните.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ ВО ГРАДОТ ПЕХЧЕВО

Реконструкцијата на пешачките петеки ќе придонесе за олеснет и побрз пристап на грѓаните до институциите на градот и централното градско подрачје.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКИНГ ПРОСТОРОТ ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ И НЕГОВО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ

Реконструкција на постоечкиот паркинг простор во центарот на градот каде најголем дел е со оштетен тампон и немање на крајни завршетоци кон улиците, како и негово хортикултурно уредување!

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2023.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ОД ПЕХЧЕВО ДО ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ „РАВНА РЕКА“

Ќе се изврши реконструкција и ревитализација на патот кој води од Пехчево кон туристичката населба „Равна река“ за полесен и посигурен пристап на граѓаните и потенцијалните туристи.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## НАОЃАЊЕ РЕШЕНИЕ ЗА СТАРИТЕ КУЌИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Проблемите со старите куќи во централното гратско подрачје претставува негрижа за културното наследство на градот. Затоа општината ќе иницира конзервација и реставрација на истите во соработка со сопствениците каде ќе се направат традиционални апартмани за потенцијалните туристи и нивна категоризација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2024.

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО СЕЛО СПИКОВО

Со изградбата во првата фаза, од патот за село Спиково ќе се овозможи развој на викенд населбата и нејзина честа експлоатација од сопствениците и потенцијалните туристи.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

**Рок на реализација:** 2023.

## ДОИЗГРАДБА НА ГЛАВНАТА УЛИЦА ВО ИНДУСТРИСКА ЗОНА ПОДУЕВО

Индустриската зона Подуево е една од попросперитетните точки на градот каде има инвестиции од приватни компании и вработување на поголем број наши жители, затоа ќе пристапиме кон доизградба на патната инфраструктура со тампонирање и асвалтирање како и уредување на тротоаритекако пешачка зона исто така и поставување на нонва хоризонтална и вертикална сигнализација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2024.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКА ЗОНА ГРОЗИЛ

Како постоечка патна инфраструктура ќе се инвестира во асфалтирање на тампонираниот пат кој води до индустриската зона Грозил

**Извор на финансирање:** централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2024.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СЕЛО РОБОВО

За село Робово ревитализација на патна инфраструктура и поставување на бекатон плочки во долшина од 750м на потребните улици.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

**Рок на реализација:** 2023.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СЕЛО УМЛЕНА

За село Умлена ревитализација на патна инфраструктура и поставување на бекатон плочки во долшина од 750м на потребните улици и санирање и реконструкција на 3 мостови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

**Рок на реализација:** 2022.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СЕЛО ЧИФЛИК

За село Чифлик ревитализација на патна инфраструктура и поставување на бекатон плочки во долшина од 350м на потребните улици и изградба на мост на Негревска река.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

**Рок на реализација:** 2024.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СЕЛО ПАНЧАРЕВО

За село Панчарево ревитализација на патна инфраструктура и поставување на бекатон плочки во долшина од 1500м на потребните улици како и втора фаза од влезот во село Панчарево во должина од 1600м.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СЕЛО ЦРНИК

За село Црник ревитализација на патна инфраструктура и поставување на бекатон плочки во долшина од 500м на потребните улици.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

**Рок на реализација:** 2025.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СЕЛО НЕГРЕВО

За село Негрево ревитализација на патна инфраструктура и поставување на бекатон плочки во долшина од 150м на потребните улици.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

**Рок на реализација:** 2022.

## УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ И ИЗГРАДБА НА НОВИ ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ ЗА ПЛАНИНСКИ ВЕЛОСИПЕДИЗАМ ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Постоечките патеки за планински велосипедизам во Општина Пехчево се од 1000мнв до 1700мнв но во лоша состојба па од овде произлегува потреба та з анивна ревитализација и уредување како и изградба на нови патеки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОЧНАТАТА ФАЗА ОД ПАТНИОТ ПРАВЕЦ КОН БУГАРИЈА ПРЕКУ ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН АЈДУЧКИ КЛАДЕНЕЦ ВО НАРЕДНА ФАЗА

Со завршување на започнатата фаза од патниот правец кон Бугарија преку граничниот премин Ајдучки кладенец во наредна фаза ќе се дооформи целата траса кон РБ и нејзино одбележување како и подготовка за тампонирање.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2023-2025.

## ИЗГРАДБА НА МИНИ БРАНА НА РЕКА РАКОВЕЦ

Ова е една од најпотребните капитални инвестиции во општината, а со цел да се обезбеди вода за наводнување на земјоделските култури во сушните денови од годината. Така со вода ќе бидат снабдени поголем дел од полињата во Општина Пехчево

**Извор на финансирање:** централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2023-2025.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

## УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

За најмладите во Пехчево ќе се уреди простор за игра и рекреација во близина на ООУ„Ванчо Китанов“, ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, простор на крстодницата која ги спојува ул.Првомајска и ул. Пиринска, паркот на крстосницата од ул.Гоце Делчев и ул. Илинденска, плоштад Св.Петер и Павле и во склоп на дворовите на училиштата и детските градинки во селата Робово , Умлена, Чифлик, Панчарево и Црник.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022година.

## УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО ПЕХЧЕВО

Со уредување и реконструкција ќе се опфатат следните локалитети:

Излетничко место „Равна река“, туристички локалитети „Пехчевски водопади“ излетничко место „Парк езерце“, туристички локалитет „Елата“, туристички локалитет „Инсектојадно растение со вртена скала“ , Археолошки локалитет Св. Петка, со назнака за мотивирање за пошумување на изгорените подрачја околу локалитетот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2023.

## УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА ВО ПЕХЧЕВО И СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ

Преку оваа активност ќе се изврши санација на руинираните делови и огради од гробиштата во Општина Пехчево , а ќе се постават нови огради и доизградат тремови за засолнување од временските неприлики.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2023.

## УРЕДУВАЊЕ НА МУСЛИМАНСКИТЕ ГРОБИШТА ВО ПЕХЧЕВО И СЕЛО ЦРНИК

Со активности ќе се изврши санација на руинираните делови и огради од гробиштата во Општина Пехчево , а ќе се поставаат нови огради и доизградат тремови за засолнување од временските неприлики.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2023.

## УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ПАРК ВО ПЕХЧЕВО

Со уредување на Градски парк во Пехчево градот ќе добие ново место за одмор и рекреација на жителите од Општина Пехчево и потенцијалните туристи, со оваа активност се предвидени поставување на нова урбана опрема каки и ново осветлување во паркот исто така и забавни содржини за деца.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2023-2024.

## УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРНО МЕСТО НА СПОРТСКАТА САЛА ВО ПЕХЧЕВО

Овде се предвидува проект за екстериерно уредување на спортската сала во Пехчево како и поставување на урбана опрема и детско катче.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2023.

## ПОСТАВУВАЊЕ СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦИТЕ ВО ПЕХЧЕВО

Поставување на сигнализација на улиците во Општина Пехчево, ознаки со имиња на улиците и броеви на објектите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022.



# 6. НОВ ОДРЖЛИВ КОНЦЕПТ ЗА УРБАНИЗАЦИЈА И ДОМУВАЊЕ

## ФАЗНА ИЗРАБОТКА НА НОВ ДУП ВО ПЕХЧЕВО

Новиот ДУП за Пехчево ќе обезбеди вклучување на сите легализирани објекти и истиот ќе се спроведува во фази во текот на наредниот четиригодишен годишен период.

**Извор на финансирање:** централна власт

**Рок na реализација:** 2021- 2025.

## ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ПЕХЧЕВО

ГУП е битен стратегиски документ кој ќе даде насоки за правилниот развој на градот преку сеопфатен пакет на мерки и стандарди потребни тоа да се постигне, а исто така ќе овозможи поширока визија за правилното планирање на градот во наредниот период. Со новиот ГУП ќе се прикаже намената на градежното земјиште ( приватно и државно), патната инфраструктура, комуналната инфраструктура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2021-2025.

## УТВРДУВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА ЗА АВТОБУСКА СТАНИЦА

Недостатокот од официјално место за автобуска станица во Пехчево доведе до потребата од реализација на активност за нејзино утврдување преку измена на ДУП Пехчево

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2023.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНА ЗГРАДА

Реконструкција на противпожарната зграда во центарот на Пехчево со екстериерно и ентериерно уредување и нејзина пренамена во зграда на Советот на Општина Пехчево и здружението



на пензионерите на Општина Пехчево.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

# 7. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата со што би се придонело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развој на здрава психо-физичка личност се приоритетите на локалната самоуправа во областа на образованието.

## МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ

Модернизација на ООУ „Ванчо Китанов“ во Пехчево и неговите подрачни училишта согласно со ЕУ стандарди и подобрување на условите за учење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2023.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

Проект за подигање на свеста за нула дискриминација во училиштата и проект за доживотно учење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Општина Пехчево ќе додели стипендии на добри ученици од социјално ранливи категории на граѓани како помош на нивните семејства за полесно студирање на студентите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината,

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР

- Поддршка преку нагледни средства и материјали на наставниците кои користат креативнии и современи методи во наставата;
- Помош преку консалтинг агенции за подобрување на вештините на наставниците за изработка на проекти со кои ќе се учествува на повици од разни фондации кои поддржуваат поекти од образованието;
- Обезбедување на обуки на наставниците за работа со деца со дислексија;
- Воведување на годишна награда за најдобар наставник;
- Поголемо вклучување на родителите во образовниот систем;
- Поддршка на проекти за вклучување на дефектолози и логопеди во образованието;
- Вклучување на родителите и учениците во креирањето на училишните програми;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.



# 8. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји, можеме да ја приближиме Општина Пехчево до европскиот животен стандард, а со тоа и да го подобриме Локалниот економски развој.

## ВОСПОСТВУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

### ➤ ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СО ЦЕЛ АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ЕУ ПРОЕКТИ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКА СО ЕУ ПРЕКУ ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕУ ЛОКАЛНИ ИНФОРМАТИВНИ ЦЕНТРИ).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ➤ ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ➤ ПОДДРШКА ЗА МЕЃУНАРОДНА БИЗНИС СОРАБОТКА

Преку овој проект ќе се пристапи кон подобрување на степенот на искористување на фондовите за прекугранична соработка на Европската Унија (ИПА инструментот) како и запознавање на можностите за соработка со бизнис секторот. Овој проект ќе обезбеди услови за соработка на локални македонски компании со странски компании, воспоставување контакти и стратешки партнерства.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## МЕЃУНАРОДНА КУЛТУРНА СОРАБОТКА

Проектот ќе овозможи создавање услови за културна размена и соработка во областа на културата за организирање на настапи и промоција на културата и традициите од Општина Пехчево во странство преку настапи на културно-уметничкото друштво при Домот на Културата „Јане Сандански"- Пехчево и на др. состави во странство.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2023-2025.



# 9. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред се одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ ЗА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОКОЛИНА

- Аплицирање на Општина Пехчево за општина со зелена архитектура во смисла на енергетски независни градби и ограничување на моторизираниот сообраќај и давање приоритет на пешаците, велосипедистите и јавниот превоз со постигнување на цели за подобрување на животната средина и одржлив развој, за постигнување високи еколошки стандарди и можност да дејствуваат како модел за инспирација на другите градови;
- Воведување на концептот на циркуларна економија преку паметно управување со отпадот преку набавка на контењери за селектирање на отпад од домаќинства и индустријата и поставување на систем за редовно собирање на отпадот (мешан и селектиран);
- Доизградба на колектори и мини филтер-станици за целосен третман на отпадните води во општината.
- Подготовка на регионални планови за управување со отпад заедно со стратешка оцена на влијание врз животната средина за - Општина Пехчево;
- Овој проект опфаќа подготовка на регионални планови за управување со отпад заедно со стратешка оцена на влијание врз животната средина за Општина Пехчево.
- За енергетски ефикасна општина ќе обезбедиме дел на субвенцирање во проекти за градење на соларни и фотоволтаични панели;
- 100% покриеност со штедливо лед јавно осветлување во Општина Пехчево;

- Преку набавка на современи апарати за мерење на чистотата на воздухот за Општина Пехчево како и набавка на апарати за рано предупрадување на земјоделците од опасност од град и временски неприлики ќе постигнеме уште една цел за зелен град и одржлив еколошки развој. Изработка на План за квалитетен воздух, „Air quality plan“, кој ќе содржи: регистер на загадувачи, количества на согорени горива на годишно ниво, мерки за намалување на загадувањето во општината;
- Посветено ангажирање и комплетна одговорност на работењето на локалниот инспекторат за животна средина.

## ФОРМИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО

Согласно организациската поставеност на системот за ПП заштита, Општина Пехчево нема професионална Територијална противпожарна единица (ТППЕ) и поради тоа, неопходно е формирање, опремување, набавка на противпожарни возила и обука за брза интервенција на доброволни противпожарни месни сили кои ќе ја остваруваат функцијата за ПП заштита на територијата на Општина Пехчево, со цел заштита на животите и материјалните добра на населението.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2023година.

Локалната депонија „Суви дол“ ќе биде центар за секундарна селекција на корисни фракции од отпад, био ѓубриво и сл., иче овозможи соработка со овластени купувачи на селектирани фракции отпад. Мешаниот остаток ќе се транспортира во нов современ центар за управување со отпад надвор од општината.

## ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ДИВИ ДЕПОНИИ И НИВНО РЕГУЛИРАЊЕ

Отстранување на локалните диви депонии, и нивно регулирање преку креирање на Тарифник за наплата на услуга.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЕУ РЕГУЛАТИВИ

Проектот предвидува изградба на прочистителна станица за отпадни води по пример на развиените европски држави а во согласност со регулативите на ЕУ и стандардите за почиста животна средина.

**Извор на финансирање:** централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2023-2025.

## ИЗГРАДБА НА НОВИ ИЛИ НАДОГРАДБА НА ПОСТОЈНИТЕ СТАНИЦИ ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПИТКИ ВОДИ

Изградба на нови или надоградба на постојните станици за прочистување на питки води, како дел од залагањата на Општина Пехчево за „Пехчево Зелен град" ќе придонесе за подобрување на животниот стандард на граѓаните како и на животната средина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО И ВОВЕДУВАЊЕ НА ДЕН ЗА ЗАСАДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Ревитализација на урбано зеленило и воведување на ден за засадување на зелени површини

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## ИЗРАБОТКА НА ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА ПОЧВИТЕ

Со цел детекција на квалитетот на почвите, а во насока на промоција на еко-земјиште и еко-туризам, но и поради санирање на претходно настанати еко штети, како и за потребите за адекватно урбанистичко планирање.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2023.

## МАПИРАЊЕ НА ИЗВОРИ НА БУЧАВА, СОЗДАВАЊЕ МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА БУЧАВАТА, ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И СОЗДАВАЊЕ МИРНА ЖИВОТНА СРЕДИНА.

Мапирање на извори на бучава, создавање мерки за намалување на бучавата, инспекциски надзор и создавање мирна животна средина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## ОДДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИТЕ ОД АТМОСВЕРСКИТЕ ВОДИ ВО СЕЛАТА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Проектот предвидува оддржување на каналите од атмосферските води во селата во Општина Пехчево

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

**Рок на реализација:** 2023.



# 10. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајќи ја во предвид големата улога што ја има туризмот во локалниот економски развој, општините својот економски развој се повеќе го препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

## ОДДРЖЛИВ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Воведување на општинско-туристичко биро како јавен правен субјект кој ќе обезбедува навремени промоции и информации за развој на оддржливиот туризам и планирање на истиот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## Е-МААП (КРЕИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА АПЛИКАЦИЈА)

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, буџет на Р. Македонија и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2023.

# ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО ПЕХЧЕВО

## КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПРИВАТНОТО СМЕСТУВАЊЕ ВО ПЕХЧЕВО

Овој проект опфаќа активности за едукација и промоција на категоризација на приватното сместување и поддршка во делот на подобрување на услугите од страна на давателите на услуги во приватното сместување на територија на Општина Пехчево. Освен за категоризација ќе извршиме и едукација на граѓаните во некои сегменти од приватното сместување во насока на подобрување на обезбедувањето на угостителски услуги.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2021-2025.

## ИЗРАБОТКА НА ТУРИСТИЧКА МАПА И ПРОМОТИВЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ПЕХЧЕВО

Промоцијата на Пехчево како туристичка дестинација ќе ја обезбедиме преку изработка и поставување на туристички мапи и паноа со означени локалитети за посетителите во општината кои ќе бидат поставени на одредени места во општината и ќе обезбедуваат информации за полесна ориентација на туристите. Воедно ќе пристапиме и кон изработка на разновиден промотивен материјал (информативни брошури и лифлети) и туристички веб- портал за Општина Пехчево .

**Извор на финансирање:** Буџет на општината,

**Рок на реализација:** 2021- 2025 година.

## ПРОМОЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Општината ќе даде поддршка на активностите за промоција на туристичката понуда на општината преку учество на туристички саеми, форуми и др. настани од таков карактер.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината,

**Рок на реализација:** Континуирано.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТОТ НА СТАРАТА КАРАУЛА

Објектот на старата караула се наоѓа на само неколку километри од Туристичката населба „Равна Река“ во Пехчево. Просторот околу овој објект е прекрасна планинска природа, а сето тоа придонесува за привлекување на голем број на туристи кои ќе го посетат градот, Туристичката населба и објектот на старата караула доколку истиот биде реконструиран и претворен во едукативен центар со интересни содржини и биде вклучен во туристичката мапа на Општина Пехчево.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2023-2025.



# 11. СПОРТ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно придонесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини.

## ПОДОБРА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА СПОРТУВАЊЕ

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ГРАДЕЊЕ НА НОВИ СПОРТСКИ ЦЕНТРИ

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2022-2023.

## ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО СЕЛО ПРЕКУ ИЗГРАДБА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ СПОРТСКИ ТЕРЕНИ ВО СЕКОЕ РУРАЛНО НАСЕЛЕНО МЕСТО.



# 12. НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Со посебен осврт на „Фестивалот на дувачки оркестри“ преку поддршка за организирање на „Фестивал на дувачки оркестри“ со домашни и странски гости и негова соодветна промоција. Во реализација на проектот ќе ги вклучиме и граѓанските здруженија со цел поголем опфат на маркетинг промотивните активности.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** континуирано.

- Поддршка на локалните културни друштва за презентација на културното живо наследство и негова промоција како оддржливо културно наследство за развој на општината;
- Отворање на едукативни центри за култура со набавка на стручна литература од различни области на културата и едукацијата за етнологијата и и етнокреологијата и нивната оддржливост со создавање на нови можности за постојан културен развој.

## ПОДДРШКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА „ПЕХЧЕВСКИ ПАВЛОВДЕН“

Проектот предвидува поддршка за организација на традиционален етно-саем, односно изложба на локални производи, како и организирање на вечерен традиционален концерт.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината,

**Рок на реализација:** континуирано.

## ВНАТРЕШНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ ВО СЕЛО ПАНЧЕРЕВО

Со реконструкција на домот во село Панчарево, ќе се подобрат условите за живот во селото и ќе се подигне степенот на социјален и културен развој во истото, односно ќе се обезбеди подобро место за дружење, средби на граѓаните и одржување на културни манифестации.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на финансирање:** 2025 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ ВО СЕЛО ЦРНИК

Домот во село Црник ќе добие сосема нов изглед , однссно ќе биде променет подот, ќе биде заменета старата со нова столарија и ќе бидат изградени нови тоалети, со што ќе се подобрат условите за живот, социјалниот и културниот живот на населението во село Црник.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на финансирање:** 2023-2024година.

## ПРОМЕНА НА КРОВОТ НА ДОМОТ ВО СЕЛО НЕГРЕВО

Со промената на кровот на домот во село Негрево ќе се подобри состојбата на самиот објект кој во селото се користи за културни настани, собири и дружења на граѓаните од ова село, а воедно објектот ќе се заштити од протекување во периодите кога има врнежи од дожд и снег.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на финансирање:** 2025 година.



# 13. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА МЛАДИ БРАЧНИ ПАРОВИ И ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА

Поддршка на младите во намерата да стапат во брак и да формираат семејство, односно поддршка на наталитетот и превенирање на миграцијата/емиграцијата од општината, со давање на еднократна парична помош за секое новородено дете на територијата на Општина Пехчево.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** Континуирано

### СОВЕТОДАВЕН ПУНКТ

Вработувањето игра важна улога во животот на секој поединец и овозможува социјално вклучување во општествено- економските текови. Преку трибини, лични средби и посети во домовите на граѓаните ќе ги мотивираме граѓаните да аплицираат за вработување преку активните политики за вработување. Квалитетно и посветено ќе работиме на унапредување на положба на ранливите групи меѓу кои: невработени лица, деца без родители, самохрани родители, постари лица од 55- 62 години доживотно учење, професионални војници, жртви на семејно насилство и инвалидни лица, како и спречување на ризиците од нивно маргинализирање. Вработувањето е право на секој граѓанин на оваа држава.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на финансирање:** 2021-2025 година.

# СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

## РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР - ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Старите лица заслужуваат достоинствен живот како и секој граѓанин на Македонија. Со отворањето на овој Дом ќе го подигнеме степенот на грижа на оваа ранлива група. Истиот Дом ќе биде Регионален центар кој ќе нуди соодветна и квалитетна заштита на старите лица за целото регионално подрачје

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2025 година.

## БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА

За старите и изнемоштени лица кои не се во можност да водат грижа за себе општината ќе понуди бесплатна достава и бесплатен топол оброк до нивните домови. Доставата ќе се врши со возила за таа намена и ќе вклучува еден оброк.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ОТВОРАЊЕ КАНЦЕЛАРИЈА НА ЦРВЕН КРСТ НА МАКЕДОНИЈА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО И НЕЈЗИНА АФИРМАЦИЈА

## БЛАГОСОСТОЈБА НА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ

- Назначување на одговорно лице во општинската администрација кое ќе биде одговорно за воспоставување и следење на систем за контрола на кучиња;
- Воспоставување на регистер на бездомни животни;
- Воспоставување на систем за дирекна соработка со НВО за заштита на животните;
- Ревидирање на одлуката за комунален ред. Организирање на јавна дебата и ревидирање на градска одлука за комунален ред во поглед на правата и обврските на сопствениците на домашни миленици;
- Проценка на популација на кучиња еднаш годишно;

- Донесување на програма и план за контрола на популација на кучиња;
- Подигнување на јавната свест и едукација на учениците за одговорно сопственииштво на домашните миленици.

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Основни приоритети за наредните четири години во Изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ за Општина Пехчево ќе бидат насочени кон подигнување на квалитетот на здравствените услуги на сите нивоа на здравствена заштита.

За постигнување повисоки цели на здраствена заштита на населението ќе инвестираме во модернизација на инфраструктурата преку реализација на проекти за реконструкција, доградба и адаптација на Јавните здравствени установи, како и обезбедување услови за стручно усовршување на здравствените работници и здравствени соработници.

Бесплатни здравствени превентивни прегледи- на пунктови ќе се прават прегледи за проверкаи тестирање од COVID 19, холестерол, гликемија во крв и ќе се делат брошури и материјали за промоција на здрав начин на исхрана и стил на живеење. Прегледите ќе ги вршат медицински екипи, а целта на оваа акција е поттикнување на свеста кај населението за потребата од навремени превентивни прегледи и редовна контрола на своето здравје.

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk